Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-581/12
21.09.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17, став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014. 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 143/2019, 14/2020, 95/2020, 302/2020 и 178/2021) и член 110 ст.1 т.13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021)), Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 21.9.2023 година, го донесе следниов

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот**
**за систематизација на работните места**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје**
**(Анекс број 6)**

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ -Скопје, заверен под архивски број 02-56/15 од 12.1.2022 година, и тоа:

**Член 2**

Во глава V Табеларен приказ на работните места на ненаставниот кадар, т. 3. Одделение за студентски прашања, работно место под реден број 12, шифра ОБН0102В01005, звање на работното место Советник за студентски прашања, назив на работното место Советник за студентски прашања, во делот на бројот на извршители бројот 4 се менува со бројот 3.

**Член 3**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот .

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласни, а ќе се објави по добиените согласности од ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација.

**Декан,**
**Проф. д-р Билјана Камчевска**

Прилог број 2

| Табеларен преглед на работни места | | |
|---|---|---|
| **Ниво – ненаставен кадар во стручна и административна служба** | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** |
| А2 | 1 | 1 |
| Б4 | 4 | 1 |
| В1 | 9 | 8 |
| Г1 | 3 | 2 |
| **ВКУПНО** | **17** | **12** |
| **Ниво – Помошно технички лица** | | |
| **Ниво** | **систематизирани** | **пополнети** |
| Подгрупа1, А1 | 5 | 3 |
| Подгрупа2, А1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | **7** | **5** |